Кратoк преглед на онлајн презентација

Australian Government

Be Connected
Every Australian online.

# Како да се заштитите од измами

Измамниците стануваат сè понапредни во нивните обиди да ви одземат пари или лични податоци. Нивна цел се лица од секакви средини, возрасти и висина на приходи во Австралија. Електронските измами вообичаено ги врши некој со лажен профил или бизнис што се претставува дека е добро позната организација. И покрај тоа што интернетот може да биде прекрасно место што можете да го истражувате, добро е да бидете внимателни! Бидете внимателни и заштитете се себеси од измами следејќи ги нашите совети.



## Заштитете ги вашите лични податоци

Измамниците се претставуваат дека се од некоја организација што ја познавате или во која имате доверба, на пример, некој бизнис со кој соработувате, владини агенции или служба за измами за да се обидат да ве натераат да откриете важни лични и финансиски информации. Тие може да контактираат со вас преку телефон, е-порака, текстуална порака или социјалните мрежи. Измамниците ќе ги користат вашите лични податоци за да ви ги украдат парите или да извршат друго злодело.

За да ве натераат да им ги дадете вашите лични или финансиски податоци, измамниците може да ви побараат:

- да го потврдите вашиот идентитет или да ги ажурирате вашите податоци
- да кликнете на некоја врска
- да им овозможите далечински пристап до вашиот компјутер
- да платите долг
- да купите ваучер за плаќање казна
- да пренесете некој паричен износ или да пратите пари во странство.



### Знаци што покажуваат дека можеби се работи за измама

- е-пораки, текстуални пораки или повици што не ги очекувате од некого кого не го познавате
- ветувања за финансиска добивка
- закани за казна или долг
- закани за затворање или стопирање на вашата сметка
- врски што не изгледаат оригинално, како на пример, необична адреса на интернет-страница
- невообичаено чувство на итност или поставување временски рок.

> **Запомнете:** измамниците може да се обидат да си играат со вашите чувства за да ве натераат да реагирате брзо и да не си дадете доволно време за да размислите внимателно за ситуацијата. Нивните тактики може да вклучуваат користење на закани или казни, може да ви велат дека некој неовластено троши пари од вашата сметка, или може да се претстави како член на вашето семејство кому му треба помош.

### Како да се заштитите

- Внимавајте на фактот дека измамите постојат и секогаш земајте ја предвид можноста дека некоја порака, е-порака или телефонски повик може да бидат измама.
- Треба да знаете со кого си имате работа. Ако не сте сигурни дали пораката или повикот се вистински, не користете ги дадените детали за контакт, туку наместо тоа, извршете пребарување на бројот на организацијата или нејзината адреса на е-пошта.
- Не давајте ги никому личните и финансиските податоци.
- Не отворајте сомнителни текстови, скок-прозорци и не кликнувајте на врски или прилози во е-порака - избришете ги.
- Не одговарајте на телефонски пораки за вашиот компјутер што ви бараат далечински пристап – затворете го телефонот, иако соговорникот вели дека е од добро позната компанија како што е Telstra.

## Внимавајте кога запознавате нови лица онлајн

Измамниците контактираат со луѓе, обично преку социјалните мрежи, интернет-локација за средби, па дури и преку онлајн игра. Тие ќе бидат многу љубезни и интересни и ќе сакаат да изградат пријателство или врска со вас. Измамниците можат да бидат зачудувачки трпеливи. Лажната врска може да трае недели, па дури и година, за да можат тие да се здобијат со вашата доверба и да ви бараат пари, лични податоци, интимни слики или да ве натераат да направите нешто незаконско.

### Знаци што покажуваат дека можеби се работи за измама

Бидете внимателни со луѓе кои:

- брзо изразуваат длабоки чувства и често контактираат со вас
- не можат да ве сретнат лично или ви бараат пари за да можат да патуваат за да ве сретнат
- се обидуваат да ве одвлечат од платформата или апликацијата на која се среќавате, и да се префрлите на некој поприватен канал, како размена на директни пораки или е-пошта
- тврдат дека се финансиски стабилни, но ви бараат пари
- ви раскажуваат детални приказни за финансиски проблеми
- ве прашуваат за вашата финансиска состојба
- стануваат очајни, настојчиви, подиректни, па дури и агресивни кога не им праќате пари
- имаат недоследности во нивните приказни и онлајн профили, на пример, нивната фотографија изгледа различно од описот
- имаат печатни и ракописни грешки
- ви велат дека работаат во странство (на пр., хуманитарен работник или војник).

### Како да се заштитите

- Никогаш не праќајте пари и не откривајте ги податоците на кредитната картичка, онлајн сметките или копии од лични документи некому кого никогаш не сте го сретнале лично.
- Извршете пребарување на интернет за да утврдите дали тие се навистина тие што велат. Одете на images.google.com и кликнете на иконата на камера.
- Треба да почнете да се сомневате кога ќе почнат да споменуваат „проблеми со пари“ или дека им треба парична помош за „итен случај“.
- Внимавајте на печатни и граматички грешки, или недоследности во приказните.
- Не согласувајте се да пренесувате пакети или пари во странство за друго лице, бидејќи може да вршите кривично дело.
- Не споделувајте интимни слики или видеозаписи. Измамниците исто така може да ги уценуваат нивните жртви користејќи срамотен материјал.
- Прекинете го секој вид комуникација ако некое лице ви побара услуга или пари.
- Одбегнувајте да склучите каков било договор со некој странец што ви бара плаќање преку платен налог, телеграфски пренос, меѓународен трансфер на средства, претплатена картичка или електронска валута, на пример биткоини. Само во ретки случаи ќе можете да си ги повратите парите пратени на ваков начин.

## Внимавајте на измамите со инвестиции

Измамите со инвестиции вклучуваат ветувања за многу пари, брзи пари и гарантиран профит. Секогаш треба да се сомневате за какви било можности за инвестирање што ветуваат висок профит со мал или никаков ризик.

Австралијците губат повеќе пари во измами со инвестиции од кои било други измами. Тие можеби тешко се забележуваат, бидејќи измамниците вложуваат голем напор за да создадат убедливи приказни и да создадат професионални интернет-страници и промотивни материјали. Пред да инвестирате, секогаш барајте независен правен и финансиски совет од финансиски советник регистриран во Австралиската комисија за хартии од вредност и инвестиции (ASIC).

Некои од највообичаените начини за измами со инвестиција вклучуваат:

- контактирање преку е-порака или телефон со специјална понуда за брз или гарантиран профит
- користење на лажни одобрувања од славни личности, со цел измамата да изгледа законска
- обиди да ве убедат да добиете ран пристап до старосната пензија или до паушален износ
- семинари за инвестиции (често преку онлајн видеозаписи, Zoom или слично) што се бесплатни или многу скапи.



## Старосна пензија

Измамите со старосна пензија ви нудат да добиете ран пристап до вашиот пензиски фонд, често преку самостојно управуван пензиски фонд или за одредена провизија. Понудата може да ја добиете од измамник што се претставува дека е финансиски советник.

Може да ви побара да се согласите со некоја приказна за да се обезбеди предвремено ослободување на вашите пари, и потоа, дејствувајќи како ваши финансиски советник, ја измамува вашата пензиска компанија да му ги исплати директно средствата наменети за старосната пензија. Штом ќе ги добие вашите пари, измамникот може да ви земе голема „провизија“ од ослободените средства и да не остане ништо за вас.

**Белешка:** обично не можете да пристапите законски до заштедениот дел од средствата за старосна пензија сè додека не се наоѓате на возраст меѓу 55 и 60 години, во зависност која година сте се родиле. Постојат одредени исклучоци, како на пример на основа на особени финансиски или здравствени тешкотии, но секој што ви нуди предвремен пристап до средствата за старосна пензија дејствува противзаконски. За повеќе информации посетете ја: moneysmart.gov.au/how-super-works/superannuation-scams

## Промоции за акции и вредни информации



Измамниците може да контактираат со вас по е-порака, социјални мрежи или да објават порака во форум за да ве поттикнат да купите акции на некоја компанија чија вредност предвидуваат дека ќе се зголеми. Пораката личи на совет од внатрешноста на компанијата и обично нагласува дека треба да дејствувате брзо. Измамникот се обидува да ве натера да купите акции за да ја зголемите цената, за да можат тие да ги продадат акциите што веќе ги купиле и да направат огромен профит. Потоа, вредноста на акцијата драстично ќе се намали.

## Измами со препорака од славни лица

Измамниците ги користат сликата, името и личните одлики на некое славно лице без негова дозвола за да ве поттикнат да инвестирате, бидејќи тоа го поддржува некој во кого имате доверба. Овие измами често се појавуваат како онлајн-реклами или промотивни приказни на навестувањата на социјалните медиуми или на навидум законски и веродостојни веб-страници.

## Предупредувачки знаци на измама со инвестиции

Добивате неочекувано телефонски повик, текстуална порака, е-порака или порака на социјалните мрежи од некого кој ви нуди несакан совет за инвестиција и:

- користи тактики за вршење притисок, вклучувајќи постојано контактирање и притисок за да донесете брза одлука.
- ви ветува мал ризик или гарантиран профит.
- нема Австралиска лиценца за финансиски услуги (AFS licence) или вели дека не му треба лиценца
- има брошура за инвестиции што не е регистрирана кај ASIC.
- користи препораки или слики од славни лица: тие вообичаено се лажни. Славните лица ретко разговараат за нивните инвестиции или финансиски одлуки во јавност.
- ве упатува на лажна интернет-страница.
- се обидува да ве спречи да ја одбиете зделката.

## Како да се заштитите

- Сомневајте се за прилики што изгледаат премногу добри за да бидат реални.
- Сомневајте се за реклами или приказни препорачани од славни лица.
- Не дозволувајте никому да ве присилува да правите нешто.
- Ако сте на возраст под 55 години, внимавајте на понудите што промовираат лесен пристап до придобивките од старосната пензија.
- Пребарувајте и барајте доверливи или независни финансиски и правни совети.
- Не давајте ги никому личните и финансиските податоци сè додека не:
    - сте провериле дали финансискиот советник и неговата компанија се регистрирани преку веб-страницата на ASIC asic.gov.au/online-services/search-asics-registers/
    - сте го провериле списокот на ASIC со компании со кои не треба да соработувате moneysmart.gov.au/scams/companies-you-should-not-deal-with.

# Совети за избегнување измами

**Запрете**

- Не брзајте да дадете пари или лични податоци на кое било лице.
- Измамниците ќе ви понудат да ви помогнат или ќе ви побараат да го потврдите вашиот идентитет. Тие ќе се претставуваат дека се од некоја организација што ја познавате или во која имате доверба, на пример, некој бизнис со кого соработувате, полиција, владина служба или служба за измами.

**Размислете**

- Запрашајте се дали пораката или повикот би можеле да бидат лажни?
- Никогаш не кликнувајте на врски во порака и прашајте некој доверлив пријател или семеен член што би направиле тие на ваше место. Контактирајте со бизниси или владини служби само преку деталите за контакт што се наоѓаат на нивните официјални интернет-страници или нивните безбедни апликации. Ако не сте сигурни,речете „не“, затворете го телефонот или избришете ја пораката.

**Заштитете се**

- Реагирајте брзо ако чувствувате дека нешто не е во ред.
- Веднаш контактирајте со банката ако загубите пари или лични податоци, или ако забележите необична активност на вашите картички или сметки. Побарајте помош од организациите како што се IDCARE и пријавете го електронското злосторство на ReportCyber. Помогнете им на други лица со пријавување на измамите на Scamwatch.

# Ми треба помош, се сомневам дека некој се обидува да ме измами

Ако мислите дека сте жртва на измама, не треба да се чувствувате засрамено и да не го кажувате тоа. Постојат нешта што можете да ги преземете за да го поправите проблемот:

- Контактирајте со вашата банка или финансиска институција за да запрат да вршат секакви други плаќања на измамникот.
- Ако сте биле жртва на киберзлосторство и сте загубиле пари онлајн, можете да го пријавите тоа во полицијата преку ReportCyber или посетете ја: cyber.gov.au
- Ако сте загрижени дека вашите лични податоци биле откриени или злоупотребени, контактирајте со Австралиската служба за национален идентитет и кибер-поддршка (Australia's National Identity and Cyber Support Service - IDCARE) на 1300 432 273 или idcare.org
- Пријавете ја измамата кај ACCC преку страницата scamwatch.gov.au/report-a-scam. Ова помага да се предупредуваат луѓето за тековните измами, да се следат тенденциите и да се спречат злосторствата кога е можно.
- Информирајте ги вашите пријатели и семејството за да ги заштитите.

**Запомнете:** секогаш постои некој кој може да ви помогне, тоа може да бидат луѓето од cyber.gov.au или scamwatch.gov.au, технички образован пријател или семеен член, па дури и локален компјутерски клуб.

За да бидете информирани за најновите измами што треба да ги избегнете, запишете се да добивате Предупредувања за имами по е-пошта (Scamwatch email alerts).

# Најдете време да ја разгледате веб-локацијата Be Connected

Be Connected е една богата веб-локација со бесплатни ресурси специјално дизајнирани да им помогнат на постарите Австралијци да се поврзат безбедно онлајн и да вршат навигација низ дигиталниот свет со самодоверба. Исто така, локацијата е корисна за семејствата и организациите во заедницата што сакаат да им помогнат на постарите лица да пристапат до сите придобивки од интернетот.




**посетете ја beconnected.esafety.gov.au**

Australian Government | eSafety Commissioner

Оваа програма беше изведена од eSafety како дел од иницијативата „Be Connected“.